# THE CULTURAL POLICY FOR CULTURAL HERITAGE PROTECTION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA AND EUROPE'S VIEW ON THE CULTURE AND CULTURAL HERITAGE

**Elizabeta Kanchevska – Milevska**
Skopje, Republic of N. Macedonia, kancevska@yahoo.com

**Abstract:** The Republic of Macedonia is characterized by deep cultural and spiritual works as a cultural heritage of generations of many millennia. St. Clement's literacy, churches and monasteries, Ohrid – a UNESCO city, rich archeological sites, are just part of the rich heritage testifying to a time, a history and a tradition. The entire cultural heritage, even today, defies time and testifies to the millennial civilizational heritage on Macedonian soil.
The cultural heritage has unique and unrepeatable values and any endangerment and destruction of it represents irreparable permanent culture loss of a nation and the world culture in general. Therefore, the protection of cultural heritage should be accepted as a daily concern and embedded in the overall social development of the country. With the cultural heritage and the attitude towards its protection, the Republic of Macedonia in the most authentic way invests its contribution in the development of the world culture and civilization, providing indisputable cultural identification and an honorable place in the great family of nations.
**Keywords:** culture, cultural heritage, cultural tradition, cultural policy, Macedonia, European values.

# КУЛТУРНАТА ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОДНОСОТ НА ЕВРОПА ВО ПОГЛЕД НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

**Елизабета Канчевска – Милевска**
Скопје, С. Македонија, kancevska@yahoo.com

**Резиме на македонски јазик:** Република Македонија се одликува со длабоки културни и духовни творби како културно наследство на генерации од повеќе милениуми. Светиклиментовата писменост, црквите и манастирите, Охрид градот на Унеско, богатите археолошки локалитети, се само дел од богатото наследство кои сведочат за едно време, за една историја и една традиција. Сето ова културно наследство и денеска му пркоси на времето и сведочи за милениумското цивилизациско наследство на македонската почва.
Културното наследство е со уникатни и неповторливи вредности и секое негово загрозување и уништување значи ненадоместлива трајна загуба за културата на еден народ и светската култура воопшто, затоа заштитата на културното наследство треба да се прифати како секојдневна грижа и да се вгради во севкупниот општеатвен развој на државата. Со културното наследство и со односот кон неговата заштита, Република Македонија на најавтентичен начин го вложува својот прилог во развојот на светската култура и цивилизација, обезбедувајќи си неоспорна културна идентификација и почесно место во големото семејство на народите.
**Клучни зборови:** култура, културно наследство, културна традиција, културна политика, Македонија, европски вредности.

## 1. ВОВЕД

Со векови station наназад во светот цивилизациите создавале творби како израз на нивниот културен раст од една страна и како сведоштво за степенот на тој културен раст од друга страна. Тие творби како културни добра преку кои се препознаваат одредени цивилизации и народи во современиот свет, се повеќе добиваат место во редот на најзначајните општествени вредности.
Културното наследство на еден народ е дел од светското културно наследство и претставува вредност со општо ивилизациско значење.Постојат голем број на гледишта што ја вреднуваат општата култура на еден народ и држава според односот на тој народ кон културните добра, кон културното наследство и кон неговата заштита.
За Република Македонија заштитата на културното наследство е особено важна бидејќи претставува најзначаен израз на националниот духовен идентитет и доказ за придонесот во светската културна ризница.

Периодот од последните десетина години, за културното наследство воопшто, а особено во земјите на транзиција може да се означи како многу критичен. Систематските промени најчесто произведуваат многу сложени економски, социјални, културни, безбедносни и други негативни општествени состојби: длабоко економско раслојување и стратификување на населението на мал број богати и голем број сиромашни, голема невработеност, слабеење на моќта и влијанието на државните институции, верска и етничка конфронтација, криза на вредностите и вредносна дезориентација, ерозија на моралот, организиран криминал, разни облици на насилство и други социопатолошки појави во општествената стварност, предизвикуваат една хаотична состојба.

Во така создадените услови, културното наследство се повеќе е изложено на ризик од разни облици на загрозување. Овие и низа други околности во кои се наоѓа културното наследство аргументирано потврдуваат дека прашањето за негова заштита претставува сериозен научен проблем.

Целокупната историја на човештвото предупредува дека треба да се изгради пореспективен однос кон културното наследство, кое претставува извор на духовниот живот на човекот и основа за развој на прогресивните процеси и односи во општеството во целина.

Оттука, произлегува и потребата да се избере, издиференцира и изгради таков модел на заштитен систем што ќе овозможи максимален степен на чување и почитување на културното наследство од сите видови загрозувања во рамките на една функционална културна политика.

Во овој труд на систематизиран и методолопки коректен начин преку мноштво факти, податоци, ставови и мислења ќе се потенцира суштината на културното наследство и неговото значење за културата и перспективите на општеството. На сублимиран начин ќе се разгледува културата и културното наследство како содржина и предмет на заштита, како и погледите и ставовите на Европа во поглед на културата и односот спрема културното наследство.

Нема сомнение дека заштитата на културното наследство е значајна потреба на културното и цивилизациско живеење. Во оваа насока заштитата на културното наследство ќе биде анализирана низ призмата на правните и институционалните механизми со кои се регулираат основните права, обврски , односи, носители на заштитни мерки, санкциите и други нормативни прашања и низ техничките аспекти што ги подразбираат активностите за конзервација, реставрација и сите други облици за непосредна интервенција врз културното наследство.

## 2. НАЦИОНАЛНОТО И УНИВЕРЗАЛНОТО ЗНАЧЕЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Културното наследство е супсублимат(израз) на историските процеси низ кои се развивала културата и цивилизацијата воопшто. Тоа е битен фактор што го определува националното битие на еден народ, извор и основа на духовниот живот на човекот. Културното наследство претставува поврзан систем на материјални и духовни дострели од минатото во кои нужно се проткајуваат творечките вредности на индивидуата, на епохата и на универзалните вредности.

Изразот културно наследство се употребува како општ назив за сите материјални и духовни добра останати од претците. „Вообичаено, во говорниот јазик, под овој израз се подразбира збир на вредности што потекнуваат од подалечното или поблиското минато и до современоста датираат како материјални симболи или како обичаи, обреди, навики, искуства, знаења или умеења. Тоа се содржини од различни области на животот, а не само од областа на културата, пренесувани од една на друга генерација, независно од времето, местото, начинот, целта и формата на создавањето или кој ги создал“ (Ристов, 1997).Употребен во вака широка смисла, изразот „културно наследство“ се доближува до определени значења на поимите „култура“, и „традиција“, а особено до поимот „културна традиција“. Но, разграничувањето на значењата на овие поими може да се прави по различни основи. Така од гледна точка на споменичкото право, за точното определување на поимот „културно наследство“ е битно да се разграничи кои традиции и кои облици на култура ќе бидат заштитувани како културно наследство. Независно од прашањето на дистинкцијата меѓу овие изрази и поими, треба да се има предвид дека наведеното општо значење на овој поим ја исклучува селективноста во пристапот кон вредностите што треба да се чуваат, негуваат или заштитуваат (Ристов,1997). Според ова општо значење, сите наследени и создадени материјални и духовни добра, со самото тоа што претставуваат културно наследство, треба да бидат чувани. Во основа, прашањето за значењето на поимот „културно наследство“ се сведува на правење разлика меѓу културното наследство во фактичка и во правна смисла, иако и тука, во современите законодавства на одделни земји, постојат битни разлики во квалификациите на содржините што се подведуваат под овој поим.

Во Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство, како и во Препораката на УНЕСКО за заштита на културното и природното наследство на национален план, на пример, терминот „културно наследство“ е употребен како генерички поим само за недвижностите – споменици, групни

зданија и знаменити места што се од исклучителна, универзална вредност. Според завршниот документ на Светската конференција за културна политика одржана во Мексико во 1982 година, културното наследство на еден народ ги вклучува ликовните, градителските, музичките и книжевните дела, анонимните остварувања во духот на тој народ, како и целокупноста на вредностите што му даваат смисла на животот. Наследството ги опфаќа материјалните и нематеријалните остварувања што го изразуваат творештвото на еден народ, неговите јазици, обичаи, верувања, историски места и споменици, книжевност, ликовни дела, архиви и библиотеки (Ристов, 1997).

Културното наследство во Република Македонија согласно Закон за заштита на културното наследство се дефинира на следниов начин: „Културно наследство во смисла на овој закон се материјални и нематеријални добра, коишто, како израз или сведоштво на човековото творештво во минатото и сегашноста или како заеднички дела на човекот и природата, поради своите археолошки, етнолошки, историски, уметнички, архитектонски, урбанистички, амбиентални, технички, социолошки и други научни или културни вредности, својства, содржини или функции, имаат културно и историско значење и заради нивната заштита и користење се наоѓаат под правен режим согласно со овој и друг закон" (Закон за заштита на културно наследство, Сл.весник 20/2004).

Наследството е еден необновлив извор кој го одразува културниот идентитет на заедниците, од каде следи неопходноста за негово вклучување во реалните развојни планови. Овие две суштински определби го одредуваат местото на културното наследство и ја претставуваат заштитата како основен услов за кој било облик на развој вклучувајќи го и трајниот културен туризам.Историјата со своите многубројни настани предупредува дека човештвото треба да изгради пореспективен однос кон културното наследство, тоа да се третира како извор на духовниот живот на човекот и основа за развојот и прогресивните процеси и односи во општеството.

## 3. КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НИЗ БРОЈКИ И ФАКТИ

Република Македонија е земја со долга и богата историја, на чија почва се создадени извонредно значајни материјални дела, како производ на човековата активност од праисторијата до денес.Македонија е крстопат на кој се среќавале цивилизациите од Исток и од Запад, и на овој простор се соединувале и се создавале нови вредности – европски и азиски цивилизации, но и се судирале големите и моќни светски империи. Привлечна за освојувачите, неа ја крстосуваат туѓинските војски со своите разузнувачки походи, но и со своите творечки патеки по кои се пренесуваат придобивките на најголемите центри на светската култура. Таа е место на постојана средба на сегашноста и минатото (Алексиев, 1995:206).

Погледнато низ призмата на културното наследство, Република Македонија има длабоки корени. Таа претствува земја-музеј, земја на археолошки локалитети, цркви и манастири, фрескоживописи, икони, иконостаси, стара архитектура, тврдини, чаршии и многу други недвижни и движни културни добра од различен вид и период на настанување. Овие културни творби поседуваат такви вредности (историски, уметнички, архитектонски, урбанистички и други), кои се од посебен интерес и значење за науката и за општествената практика.

Република Македонија располага со богато културно наследство, опредметено во движни и недвижни предмети од најразличен вид и период на настанување. Според податоците на Националниот конзерваторски центар, досега се евидентирани 11200 објекти, кои му припаѓаат на недвижното културно наследство, од кои најбројни се археолошките локалитети – 4421 (372 од предисторискиот период, 2197 од антиката, околу 1400 од средниот век и околу 400 повеќеслојни), од кои само 102 имаат утврдено својство „споменик на културата", а импозантен е и бројот на црквите и манастирите – 1726 со над 150 000 квадратни метри фрескоживопис. Аналогно на ваквиот соодност на видот на недвижното наследство, евидентирани се и најмногу археолошки предмети - повеќе од 150 000 (според Археолошката карта на Македонија, том 2, 1996) од вкупно 500 000 музејски предмети. Од нив околу сто илјади археолошки предмети се прибрани и се чуваат во македонските музеи (а според некои проценки повеќе од 10 000 во странски музеи и приватни колекции и повеќе од 30 000 во земјата). Од другите видови движно наследство се евидентирани 22 855 стари икони, близу 450 средновековни словенски ракописи во Македонија и 698 во странство (се проценува дека во странски библиотеки, музеи, архиви и приватни збирки се чуваат неколку илјади), повеќе од 4500 стари ориентални ракописи, десетици илјади стари етнолошки предмети, стотина илјади единици кинотечен и фототечен (фонотечен) материјал (Аслимовски, 2000).

Република Македонија поседува културно наследство со такви вредности и карактеристики, кое е впишано во УНЕСКО-вата листа на светското природно и културно наследство (Охридското природно и културно наследство, 1980), согласно со Конвенцијата на УНЕСКО од 1972 година. Согласно со националните определби, заштитата и конзервацијата на културното наследство, кои претставуваат активност од посебен

интерес, Република Македонија, по пат на сукцесија во 1993 година за време на одржувањето на 18. Генерално собрание на ИККРОМ (Меѓународен центар за студии за заштита и реставрација на културното наследство), беше примена за земја членка, како една од 93 земји-членки.

Територијата на Република Македонија, покрај мноштво други вредности, посебно се одликува со длабоки културни и духовни творби како културно наследство на генерации од повеќе милениуми. Многуслојната културна стратиграфија на Македонија, и она што таа и го подари на Европа и на човечката цивилизација како дело на креативниот дух, остави неброени артефакти изведени во разновидни материјали и облици карактеристични за одредени историски епохи и цивилизации.Откривањето на културните траги од минатото овозможува да се заокружи и разјасни дел од сложениот мозаик на меѓусебните односи во материјалниот и духовниот живот, творечките дострели и културните потреби, религиозноста, верувањата и другите процеси и движења во еден долг културно-историски континуитет. Освен тоа, откривањето на ова скриено богатство, овозможува надминување на сите недоразбирања, заблуди, недоречености и погрешни идентификации на времето на кое му припаѓа.

Што се однесува до прашањето за реституција на нашето културно богатство, досегашните искуства не се многу позитивни, иако Република Македонија е потписник на конвенциите што ја третираат реституцијата. Голем дел од нашето културно богатство денес сè уште се наоѓа во државите кои порано беа во составот на СФРЈ. Но сепак, Република Македонија и натаму го има, барем, правото да бара да и се врати насилно одземаното културно наследство. Ако е одземањето на наследството антицивилизациски чин, тогаш, во отсуство на реституција, цивилизациски гест е постапката да му се овозможи на еден народ барем да си го проучува своето минато преку културното наследство. Промоцијата на културното наследство битно е да е во правец на взаемно разбирање и кохезија помеѓу поединците и заедницата поради тоа што тие имаат основни права да ја знаат својата историја и да ја вообличуваат својата иднина преку наследството. Тие имаат право да уживаат во своето наследство и обврска да го почитуваат наследството на другите и да го имаат предвид заедничкиот интерес во сите наследства. Културната разноликост претставува богатство и предност, затоа што различните културни традиции имаат голем креативен и уметнички потенцијал и во исто време тие претставуваат еден инструмент за мир и заедничко разбирање, како и гаранција за стабилност и одржлив развој на општеството.

## 4. КУЛТУРНА ПОЛИТИКА ЗА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Општествената заштита на културното наследство претставува целина на односи и институции во државата и општеството базирани врз правни, економски, кадровски и други аспекти, а првенствено врз свеста која претставува движечка сила за мотивирање и мобилизирање на општествените субјекти за градење на позитивен и респектибилен однос кон културното наследство и неговата заштита. Во целината на системот што го нарекуваме општествена заштита на културното наследство, правното регулирање на заштитата претставува центар на содржина на заштитниот систем. За нормативното регулирање на културата не постои универзален модел на регулирање и секоја држава на специфичен начин го регулира уметничкото и културното живеење.

Специфичните услови во коишто се развиваше Република Македонија во многу нешта диктираа и специфичен развој на културата и културната политика. Ако се има предвид наследената состојба во културата од 1990 година, изминатиот период на транзиција сепак бележи обиди за формулирање на одредени постулати на културниот развој, на приближување кон европските искуства, на напори за воведување нови односи на релацијата држава - култура (демократизација, децентрализација, поголема јавност, компетентност и демократска проценка, нови начини на финансирање) итн. Во креирањето на културната политика на Република Македонија правната основа ја сочинуваат Уставот, општите и системски закони и меѓународните договори (Диковска, 1998).

Република Македонија во изминатиот период изгради комплексен систем на правни норми со кои се регулира културата, како и закони за дејностите од областа на културата, кои се подложни на промени согласно со општествено-политичките и економските состојби во државата, како на национално така и на меѓународно рамниште. Законските решенија во културата се само општа рамка за остварување на културата и стимулативна основа за развивање на културни активности. Облиците за поттикнување и помагање на културата се утврдуваат во национални стратегии за културата, како и во краткорочни и долгорочни културни политики. Создавањето на поволен амбиент за остварување на културата е условен и од други прописи, како работното законодавство, прописите од областа на буџетската и фискалната сфера, локалната самоуправа и сл. кои имаат индиректно влијание врз остварување на културата. Несомено дека значајни за создавањето на правната рамка за остварување на културата се и ратификуваните меѓународни

конвенции и други меѓународни договори, даночната и царинската политика, како и програмите за културна соработка во областа на културата.

Со Уставот на РМ од 1991 година (член58), културното наследство се определува како предмет на заштита. Со новиот уставен концепт, за предметите и објектите од особено културно и исориско значење се предвидува посебна заштита, а за историското и уметничкото богатство и добрата што го сочинуваат тоа богатство, државата гарантира заштита, унапредување и збогатување. Културното наследство согласно со Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ 20/2004) е недвижно, движно и духовно наследство. За недвижно наследство се сметаат спомениците, споменичните целини и културните предели. Движното културно наследство ги опфаќа археолошките предмети, етнолошките предмети, историските предмети, уметничките предмети, техничките предмети, архивската граѓа, библиотечните добра и кинотечните добра. Духовното културнурно наследство ги опфаќа фолклорните добра, јазикот и топонимите. Културното наследство е поим кој најшироко ги опфаќа сите дела на човековиот труд, ум и емоции, создавани на одредена територија низ сите етапи на човековиот развиток, било во форма на археолошки остатоци, етнолошки и уметнички предмети или други предмети, пишани документи и слично, кои сведочат за минатите култури и времиња. Во оваа смисла, секој објект од ваков вид носи одредена порака со која се фрла одредена светлина врз културно-историското минато на одредена територија, како дел од сеопштото светстко културно наследство. Затоа е голема обврската на секоја земја за грижа на своето културно наследство и врз таа основа обично се суди за степенот на цивилизираност на одредена средина. Спомениците на културата од историски и културолошки аспект претставуваат израз и потврда на универзалните вредности што постоеле на овие простори. Поради тоа, една од примарните задачи на државата е заштитата и чувањето на движното и недвижното културно богатство пред негово ставање во функција на севкупниот развој.

Во согласност со критериумите на УНЕСКО, ИКОМОС и на другите меѓународни асоцијации во Република Македонија суштествуваат неопходните институции за истражување, презентација, афирмација, чување и заштита на културното наследство (институти, музеи, заводи за заштита, галерии, библиотеки, кинотека и др). Овие институции во својот досегашен развиток покажале неоспорни резултати, но и одредени слабости и проблеми. Во сферата на заштитата на културното наследство изразен е проблемот на недостиг на стручен кадар за одредени специјалности За таа цел во иднина е неопходно да се предвиди стимулирање на стручното усовршување по одредени дефицитарни дејности и унапредување на современите методи на работење, преку техничко опремување на специјализирани лабаратории и работилници. Сериозни проблеми со кои се соочува Македонија а кои сѐ уште не се решени во целост се: дивите копачи на археолошките наоѓалишта, кражбите и нелегалната трговија со предмети (антиквитети) оштетувањата на археолошките наоѓалишта направени при градежни работи, како и тешкотиите во потрагата по наследството кое беше однесено од земјата во изминатите векови. Овие проблеми се значителни, но исто така и типични за многу други земји. Сиве овие нелегални дејности мора да бидат ефикасно спречени или санкционирани, и да продолжат со поинтензивна динамика преку заедничка активност и координиран пристап на надлежните институции т.е. Министерството за култура и Министерството за внатрешни работи како и локалните власти.

Покрај овие проблеми со кои се соочуваат институциите кои се надлежни за заштита на културното наследство, постојат и проблеми во однос на финанирањето. Во одредени периоди постоела поголема грижа за културното наследство изразена преку издвојување на поголеми средства во буџетот на Министерството за култура за капитални проекти и истражување во областа на културното наследство, а во одредени периоди финансиската поддршка за заштитата на културното наследство била на многу ниско ниво, односно драстично намалена, (што посебно е карактеристично особено во одредени сфери, за периодот од 1991 до 1998), за да се преземат сериозни истражувања и заштита во оваа област. Ваквиот пристап и однос кон нашето вредно културно наследство е резултат на генералната политика на владата во тој период, и целите и приоритетите на Министерството за култура. Неопходно е во иднина да се осмисли културна политика со јасно пропишани стандарди, критериуми, мерила и правила, со јасно дефинирани принципи во односите во културата, со ефикасен и реален финансиски третман, со максимална грижа за националните културни вредности и интереси т.е. јасно дефинирана културна стратегија.

Културното и природното наследство треба да има приоритети пред која било друга аргументација, било да е таа од социјалана, политичка или економска природа. Наследството е еден необновлив извор кој го одрразува културниот идентитет на заедниците, од каде следи неопходноста за негово вклучување во реалните развојни планови. Овие две суштински определби го одредуваат местото на културноро наследство и ја претставуваат заштитата како основен услов за било кој облик на развој вклучувајќи го и трајниот културен туризам. Постојат многу земји кои благодарение на културното наследство се стекнаа со имиџ на

туристички сили како на пример, Италија, Израел, Египет, Русија, Грција и многу други, и врз тие основи остваруваат извонреден културен и пред се економски развој. Република Македонија располага со богато културно наследство кое претставува потенцијална основа за развој на туризмот. Дел од културното наследство успешно е искористено во збогатувањето на туристичката понуда, но не во обем и на начин со кој можеме да бидеме задоволни. За развојот на културиот туризам потребно е здраво регионално стопанско и културно планирање базирано врз принципот на партнерство меѓу политичките структури, локалното население и туристичката индустрија. Културнот туризам претставува едновремено валоризација, подобро познавање и прилог кон трошоците за одржување и реставрација на наследството на една земја, но исто така и значајна ставка во економијата на земјата.

## 5. ПАРАМЕТРИ НА КУЛТУРНА ПОЛИТИКА ВО ЕВРОПА И ОДНОСОТ НА ЕВРОПА КОН КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Од состојбите на културната политика на голем дел од европските земји, вклучувајќи ја и Република Македонија, може да се заклучи дека постои широк спектар на пристапи кон културната политика и нејзиното функционирање. Културната политика најчесто се движи во некои рамки но не постои еден ист модел за сите земји. Секоја држава има свое видување на културната политика и го третира на различен начин, преку нејзиниот централизиран и децентрализиран модел на функционирање, но сепак мора да се потенцира дека секоја културна политика својата стратегија за развој ја темели на неколку суштински цели, кои што се заеднички за сите земји, како на пример, креирање на нормативна регулатива во интерес на културата и уметноста, негување, унапредување и развивање на културното наследство и уметничкото творештво, унапредување на културните институции, поттикнување на уметниците, авторите и творештвото, преку креирање на стимулативна даночна политика, како и развој и јакнење на културната индустрија. Ова се значајни и основни насоки врз кои треба да се темели културната политика доколку сакаме да се вклопиме во современите европски културни трендови и да дадеме придонес кон заедничкиот европски културен простор.

Генералниот принцип на кој функционираат нештата во Европската Унија и кој би требало да биде застапен и во културните политики на земјите кои не се нејзини членки се однесува на практиката за донесување на одлуките врз секојдневна основа, што значи одлуките да се донесуваат што е можно поблиску до граѓанинот. Принципот на субсидијарност може да биде применет и во културната политика на начин што само оние одлуки и иницијативи за кои се смета дека се на национално ниво да бидат во надлежност на министерството за култура, додека останатите одлуки да бидат делегирани на регионалните и локалните администрации. Централизираниот модел има предност од неколку аспекти: дава можност за контрола, стандардизираност, конзистентност во пристапот и дава поголемо значење во културата. Предностите на децентрализацијата се во насока на поблиска меѓусебна врска помеѓу законските прописи и локалните потреби, поголема можност за културна разновидност и размена и отварање повеќе можности за локални проекти и учество во културни активности. Вистинската рамнотежа помеѓу овие два пристапи може да ја зачува стратешката позиција и стандардите на културниот сектор и да го промовира значењето кое локалните заедници го даваат на културата.Во текот на последниве години, владите префрлија извесен број свои културни одговорности на територијалните колективи. Во повеќето земји од Западна Европа, регионите и градовите сè повеќе се ангажираат во поддршка на културата и на развојот. По нивна лична иницијатива и со сопствени средства, општините ги зајакнаа напорите за промовирање на културата. Тие изработија културни политики кои често се вклопуваат во проширениот контекст на политиките за економски развој и се инспирираат од националните културни политики. Националните влади одвојуваат сè поголем дел од своите средства за развој на уметноста и за заштита на културното наследство. Тие изгласаа закони за заштита на човековата средина и културното наследство, за директно финансирање и создавање или развој на институциите во вид на архиви или музеи. Друга значајна реализација беше создавањето на современа културна инфраструктура: театарски и концертни сали, музеи и изложбени простории. Во оваа насока културните политики на седумдесетите години беа одбележани и со еден нов феномен: признавање на улогата на културните индустрии.

Значајно е да се истакне дека Меѓународните организации како Обединетите нации, УНЕСКО, Европскиот совет и Европската унија направија голем напор поткрепувајќи ја културната политика со солидна правна подлога од конвенции и декларации. Универзалната декларација за човековите права, усвоена од земјите членки на Обединетите нации во 1948 година, го дефинира правото за учество во културниот живот како еден од условите „неопходни за човечкиот живот, интегритет и достоинство“. Во 1954 година Европскиот совет воспостави една Европска културна конвенција, која служи и ден денес како главен иструмент за културна соработка во рамките на проширена Европа. Европската унија ја внесе културата во рамките на

своите компентенции, и како посебен домен, со Мастришкиот договор во 1992 година – па сепак сè уште не е можно да се проценат практичните ефекти на точката 4 од членот 128, со која се бара од Комисијата да ја земе предвид културната димензија во своите надлежности (Vajdenfeld; Vesels, 2002). Комитетот на министрите на Европскиот совет во својата Резолуција 95 (38) назначи три стратешки цели на политиката за поддршка на културата на меѓувладино ниво: промоција на демократските вредности и правата на човекот; воспоставување доверба и обострана почит; развивање на сознанието за културна заедница на нова Европа и за нејзината разнобразност.Тоа се претходните услови за културна кохезија на денешна и утрешна Европа.
Во Европа, индустријата на културното наследство поминува низ една фаза на претеран пораст. Меѓутоа, идеалот на европското наследство е предмет на интензивна комерцијална експлоатација и токму кога е пристапот кон наследството многу полесен отколку што беше некогаш, се случува тоа да биде претставено во деформиран облик поради неправилни обнови (Council of Europe, 1999). Во некои региони од Централна и Источна Европа владее патримонијална криза од друг обем, зошто ограбувањето цркви, домови, музеи, недозволена продажба и уништување предмети, истражувачки места и историски споменици доби денес епидемиолошки карактер. Изненадувачки голем дел од наследството во Европа не е под надзор и не е официјално евидентиран и каталогизиран, односно, всушност, е оставен да исчезне.Точниот попис на наследството, достапен на научниците и творците на политиката, претставува основен реквизит за управување со наследството ( Marica, 2003).
Конзервацијата на наследството е еден долгорочен процес и тој не може едноставно да се вклопи во одредени политички периоди на владеење. Додека политичарите честопати сакаат да бидат поврзувани со величествени дела, наследството често е подобро згрижено со бавен и внимателен напредок Неопходен е еден нов етички пристап кон европското културно наследство. Тој ќе треба да води сметка за две барања: од една страна, заштита и конзервација на наследството, од друга страна, собирање на економските и социјалните бенефиции чие добро користење може да послужи како извор. Сè повеќе се признава дека во глобалната економија, културното наследство и современата уметничка активност можат да бидат силно маркетиншко орудие за една одредена средина, помагајќи да се привлечат туристи, потрошувачи и надворешни инвестиции.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Развојот на културата, цивилизацијата и светот во целина, во основа претставува интеграциски процес на материјалното и духовното творештво, процес во кој секоја генерација потпирајќи се врз културните достигнувања на своите претходници дава свој прилог во збогатувањето на материјалната и духовната содржина на вредностите во општеството. Културното наследство е израз на историските процеси низ кои се менувла и развивала една култура и цивилизација, тоа е духовен водач на народот и основа на неговиот национален и културен идентитет. Вредностите од минатото имаат огромно значење за културниот, економскиот и севкупниот развој на секоја држава.
Тлото на Македонија според сите свои обележја е носител на едно автентично, богато, интригантно и разновидно, а во основа инхерентно европско културно наследство и творештво. Македонија ја осведочува својата културна историја како посебен но нераскинлив дел на европската цивилизација (Петковска, 2009). Република Македонија располага со богато културно наследство, опредметено во недвижности и движни предмети од најразличен вид и период на настанување. Предметите од сите историски епохи - особено античкиот, средновековниот и отоманскиот ги претставуваат највпечатливите материјални добра на земјата (Томовски, 1999). Тие ги одразуваат текот и прекините на една долга, разновидна и бурна историја, но исто така претставуваат и предмет на загриженост на денешната политика за наследство. Прашањето за соживот на наследството и современиот живот го засенува загрижувачкиот јаз меѓу потребите за конзервација/реставрација и финансиските недостатоци. Всушност, првото сигнализира постоење надеж, но и сомнеж во однос на второто.
Се поставува прашањето:Како богатството од минатото да придонесе за идниот просперитет? Секако, одговорите од литературата се бројни и мошне оптимистички: од новитетите во културната индустрија, па сè до можностите на културниот туризам (Jelincic, 2002). Република Македонија располага со многу од овие потенцијали. Некои од нив веќе добро се користат и се истакнати во современата слика и развој на земјата, и даваат сè поголеми резултати во промоција на државата како во економска така и во туристичка насока., а поголем дел од нив се уште чекаат на таква регенерација. Суштинската димензија на културната традиција на Република Македонија е во нејзината отвореност кон другите култури и мегународната соработка е насочена кон презентација и афирмација на високите вредности на наследството и творештвото, придонесувајќи во развојот на светската култура и цивилизација

Културата може да дејствува како склад на наследство било да е тоа приватно или колективно, при што државата мора да води сметка и да го негува своето културно богатство пред да го стави во функција на сеопштиот развој. Денес, културната разноликост, интердисциплинарниот пристап во остварувањето на културата и анализите кои сè повеќе го потврдуваат економското значење на културата, полека но сигурно, ја лоцираат културата во центарот на општественото живеење. Од исклучителна важност во иднина е да се воспостави ефикасен т.е. функционален финансиски третман особено во областа на заштитата на културното наследство, за конзерваторско-реставраторски и реконструкциски работи на најзагрозените и најголемите споменици на културата и нивно вклучување во севкупниот развој на државата.Неопходно е развојот на уметностите и конзервацијата и валоризацијата на културното наследство да постигнат еден ист резултат; афирмација на заедничкиот карактер на европските вредности, но во исто време зачувување на мултикулурната разнообразност што ја карактеризира Европа како и секоја држава и нација како посебна целина.
Развојот и раководењето со културната политика е едно од најсложените подрачја на активноста на една модерна влада, еден вид чин на урамнотежување, не толку помеѓу конкурентните приоритети како во другите подрачја на политиката, колку помеѓу конкурентните визии за улогата на културата во општеството. Позитивниот или негативниот однос на државата кон сопствената култура се манифестира на повеќе нивоа и низ разни инструменти. Димензионирањето на овие инструменти зависи од свеста за значењето на културата во определена средина, степенот на развој на културата, односот спрема културното наследство, материјалните можности, потенцијалите и целите што се сакаат да се постигнат.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Аслимоски, П. (2000). *Општествена заштита на културното наследство*. Охрид: Институт за истражување на туризмот при Факултетот за туризам и угостителство-Охрид
Диковска, М. (1998). *Нормативно регулиеање на културата – збирка прописи.* Скопје:Дирекција за култура и уметност
Петковска, А. (2009). *Есеи од социологијата на културата*. Скопје: АЗ-БУКИ
Ристов, Ј. (н.д.). Споменичка терминологија генерички поими за заштитени добра со избор на дефиниции
Совет на Европа (2000) *Чин на урамнотежување: 21 стратешка дилема во културната политика.* Скопје: Фондација Институт отворено општество
Council of Europe/ERICarts (eds). *Cultural Policies in Europe: a compendium of basic facts and trends*, ARCult Media, Bonn 2000.
Jelincic, D.A. (2002). ed. by: ‘’Culture: A Driving Froce for Urban Tourism – Application of Experiences to Countries in Transition’’. Culturelink. Special Issue No. 5
Mandi, S. (2000). *Kulturna politika*. Skopje: Fondacija Institut otvoreno opstestvo-Makedonija
Mucica, D. (2003). Cultural Legislation. Why? How? What?. Strasbourg: Council of Europe
Tomoski, T. (1999). Makedonija Niz Vekovite. Gradovi, Tvrdini, Komunikacii. Skopje: Matica Makedonska
Vajdenfeld, V., & Vesel, V. (2002*). Evropa od A do Sh*. Europa Union Verlag GmbH,